Оф1

# ОДЛУКА
## за изнајмување на сценски простор во рамките на објектот на Национална установа Национална опера и балет

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира начинот и условите за изнајмување на сценски простор во рамките на објектот на Националната установа Национална опера и балет (понатаму Национална опера и балет).

**Член 2**

Под простор кој може да се издаде на користење од страна на трети физички и правни лица, за организирање на културни настани, конференции, семинари, предавања, доделување на награди, како и слични настани, соодветни на просторот кој се дава на користење, се:

- Голема сцена;
- Мала сцена;
- Фоаје,
- Атриум,
- Империјал сала.

Со користење на просториte опишани во став 1 од овој член, може да се отстапат на користење и дополнителни простории, во зависност од типот, големината на настанот и потребите на корисникот/организаторот на настан.

**Член 3**

Цени за изнајмување на сценски простор:

- Голема сцена, од 500 до 2500 евра
- Мала сцена, од 300 до 1500 евра
- Фоаје, од 200 до 1000 евра
- Атриум, од 100 до 500 евра
- Империјал сала, од 100 до 500 евра.

Висината на цената за изнајмување на простор се однесува на еден ден, а ќе се утврдува во зависност од вокацијата на закупецот, видот на настан и тип на проект, времетраење на настанот, со тоа што истата не треба да биде под минималната цена за изнајмување на простор.

**Член 4**

Просторот опишан во член 2 од оваа одлука може да се даде на користење врз основа на доставено барање од заинтересирано физичко или правно лице, во кое се наведени податоците за корсникот/организаторот на настан и податоците во врска со настанот кој го организира.
Врз основа на барањето од став 1 на овој член, се склучува договор помеѓу Националната опера и балет и корисникот/организаторот на настан, со кој поблиску се утврдуваат начинот и условите под кои просторот се дава на користење.

**Член 5**

Просторот опишан во член 2 на оваа одлука, може да се даде на користење без надомест исклучиво врз основа на писмено известување од страна на Министерството за култура, Владата на Република Северна Македонија, за настани кои се од државен, национален или јавен интерес.

Доколку просторот се дава на користење без надомест, во Договорот задолжително се наведува архивскиот број и датумот на дописот од погоре споменатите институции.

**Член 6**

Условите под кои просторот од член 2 на оваа одлука, се дава на користење на спонзорите на Националната опера и балет, се уредуваат со посебен договор.

**Член 7**

Еврото се пресметува во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на исплата.

**Член 8**

Со денот на донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02-245/7 од 28.01.2016 година.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на огласната табла на Националната опера и балет.

**Претседател на Управен одбор**
**Александар Трајковски**